-ФЗОРСМ-

-FSSHRMV-

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Број: 03-11240/1
07.09.2020 година
Скопје

Упатство
за регулирање на посебни области при работењето на приватните здравствените установи од дејноста општа медицина, гинекологија, општа стоматологија, специјалистичко – консултативна здравствена заштита и специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита во мрежата на здравствени установи со кои Фондот има склучено договор, заради обезбедување и пружање на квалитетни, навремени и ефикасни здравствени услуги

Ова Упатство влегува во сила со денот на донесување.

ВД Директор
Миле Сугарев

Директор/Drejtor
Orhan Ramadani

Изработил:
м-р. Даниела Јовческа – Ѓуровска
Согласен:
Јасмина Смилевска

- Упатството ќе се објави на веб страната на Фондот.



Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

## 1. Вовед

Во врска со членот 111 од Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, Фондот за осигурените лица обезбедува квалитетна, навремена, достапна и ефективна здравствена заштита. Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија се грижи за правилно и економично користење на средствата на Фондот и за таа цел донесува упатства со кои ги спроведува:

- Прописите и политиката на развој и унапредување на здравствената заштита во врска со задолжителното здравствено осигурување и
- Договара обезбедување на здравствени услуги на осигурените лица со здравствените установи, според нормативи и стандарди базирани врз усвоена медицинска доктрина и медицина заснована на докази за спроведување на ефикасна и рационална здравствена заштита

Фондот како купувач на здравствени услуги во интерес на осигурените лица, во зависност од потребите за здравствените услуги и утврдените средства за таа намена, склучува и раскинува договори со здравствените установи, согласно со лиценцата за вршење на здравствената дејност во мрежата на здравствени установи.

Со договорот склучен меѓу Фондот и здравствената установа во мрежата на здравствени установи за обезбедување на здравствени услуги на осигурените лица во примарна здравствена заштита, се регулираат односите, се утврдува квалитетот, начинот и роковите за остварување на договорените здравствени услуги, правата и обврските на договорните страни, начинот и роковите на плаќање, контролата на спроведувањето на договорот, договорните казни и условите за раскинување на договорот, како и други прашања кои се однесуваат на уредување на меѓусебните односи помеѓу договорните страни.

Договорот се склучува за дејности кои здравствената установа ги врши согласно Решението за дозвола за работа на здравствени установи и/или Договор за лиценца за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи.

Договорот се склучува за период од една или повеќе години. Здравствената установа за целиот период на важење на договорот треба да има важечка лиценца за вршење на здравствената дејност во мрежата на здравствени установи, согласно со прописите од областа на здравствената заштита.


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

## 2. Примена на Упатството

Упатството го применуваат овластените лица на приватните здравствени установи од дејноста општа медицина, општа стоматологија, специјалистичко – консултативна здравствена заштита и специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита, во мрежата на здравствените установи кои имаат активен договор со Фондот како и избраните лекари ( по општа медицина, медицина на трудот, педијатрија, училишна медицина, семејна медицина, гинеколози), избрани лекар стоматолози по општа стоматологија и лекари специјалисти/ лекари специјалисти стоматолози.

## 3.Цел на Упатството

Ова Упатство се носи со цел да се прецизираат и регулираат посебни области кои се битни за работењето на здравствените установи, кои не се опфатени во подзаконските акти на Фондот и во договорните одредби, но се предмет на законска регулатива.

Како посебни области кои се регулирани со ова Упатство се: статусни промени, начин на издавање и користење на факсимил, пократкотрајни и подолготрајни отсуства од работа како и исплата на надоместок при специфични случаи.

**Прв дел**

**Општ дел**

## 4.Приватни здравствени установи од дејноста општа медицина, гинекологија и општа стоматологија

### 4.1 Статусни промени во здравствената установа

За секоја статусна промена во здравствената установа (промена на директор, проширување или промена на дејноста, измена на број и локација на организациони/работни единици и др.) како и промена на вработените од лекарскиот тим, здравствената установа доставува известување до Фондот, кој по претходно спроведена постапка доставува одговор до здравствената установа за прифаќање на промената.

Известувањето кое здравствената установа е должна да го достави до Фондот при статусна промена во здравствената установа или промена на вработените од лекарскиот тим, како и рокот за комплетирање на тимот, се утврдени со договорот кој здравствената установа го склучува со Фондот.

### 4.2 Факсимил

Здравствената установа е должна за секој избран лекар/ избран лекар стоматолог, да обезбеди број на факсимил од Фондот.
Издадениот факсимил е траен и не се менува доколку избраниот лекар/ избраниот лекар стоматолог ја промени здравствената установа. Избраниот лекар/ избраниот


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

лекар стоматолог врз основа на образец-одобрение за број на факсимил издадено од Фондот, може да направи само еден факсимил во форма на печат.
Лекарот го употребува факсимилот само во здравствената установа во која е вработен.
Факсимилот избраниот лекар/ избраниот лекар стоматолог го користи само лично при укажувањето на здравствени услуги, согласно законските прописи и истиот не смее да го даде на користење на друго лице.
Факсимилот не може да се употребува од избран лекар во друга здравствена установа, каде што не е вработен и каде што нема склучено договор со Фондот, или од друг лекар, односно друго лице.
Кога лекарот остварил право на пензија и ја ставил во мирување, може и понатаму да продолжи да работи со Фондот, доколку Министерството за здравство му додели нова Лиценца за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи.
При губење или кражба на факсимил избраниот лекар е должен веднаш да го извести Фондот, за да се затвори бројот на факсимилот во електронската евиденција на податоци. Со затворање на изгубениот или украдениот факсимил, Фондот на избраниот лекар/ избраниот лекар стоматолог му доделува нов број на факсимил.

### 4.3 Факсимил за времетраење на специјализација на избраниот лекар

На избраниот лекар од дејноста општа медицина и општа стоматологија за времетраење на специјализацијата му се издава времен факсимил кој е со ист број како и факсимилот на новопримениот лекар, определен за негова замена. Факсимилот кој го користи лекарот за време на специјализација е со ознака „С".
Здравствената установа во која има повеќе лекарски тимови, при одење на специјализација на еден од избраните лекари/ избраните лекари стоматолози, не е должна да вработи нов лекар. Осигурените лица кои го избрале лекарот што заминува на специјализација ги презема еден од избраните лекари/ избраните лекари стоматолози во истата здравствена установа.
Избраниот лекар/ избраниот лекар стоматолог за време на специјализацијата не подлежи на избор. Лекарот кој е упатен на специјализација и замената-нововработениот лекар, заедно со медицинската сестра се сметаат за еден лекарски тим за кој се пресметува една капитација.

### 4.4 Исплата на надоместок

Фондот врши плаќање на надоместокот доколку е платен придонесот за здравствено осигурување за месецот за кој се исплатува надоместокот.
Доколку здравствената установа оствари приход од осигуреното лице врз основа на неосновано наплатени средства за здравствени услуги кои се на товар на средствата на Фондот, Фондот нема да го исплати надоместок за тековниот месец додека здравствената установа во рок од 15 дена од приемот на задолжувањето не ги врати неосновано наплатените средства на осигуреното лице.
Здравствената установа што остварила приход од Фондот врз основа на невистинити и неточни податоци или фактурира здравствени услуги кои не се завршени во месецот за кој се однесува фактурата, по утврдување на невистинитоста и неточноста на податоците, за неправилно остварениот приход, Фондот соодветно ќе го намали надоместокот за тековниот месец.


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

## 4.5 Оправдани подолготрајни отсуства од работа

Во случаите на оправдани отсуства од работа на избраниот лекар/ избраниот лекар стоматолог предвидени со закон, како подолготрајно боледување над 30 дена, породилно отсуство, специјализација, неплатено отсуство од работа и именување на јавна функција, неплатено родителско отсуство, неплатено отсуство поради придружба на сопруг/сопруга за време на дипломатски престој во странство, поради обезбедување континуитет во обезбедувањето на здравствените услуги на осигурените лица, здравствената установа е должна да вработи лекар за пружање на здравствени услуги во рок од најмногу 60 дена.
Во случај на подолготрајни отсуства, Фондот не превзема дејствија согласно договорните одредби ако новиот лекар замена е вработен по истекот на 60 дена. Надоместокот за капитација кај подолготрајните боледувања се исплатува до 30 дена. По 30-тиот ден факсимилот се става во мирување и не се исплатува надоместок за капитација до вработување на нов лекар.

## 4.6 Начин на организирање на лекарскиот тим / стоматолошкиот тим при краткотрајни отсуства од работа и работење во смени

Секој избран лекар/ избран лекар стоматолог е должен да определи друг лекар од својата или од друга најблиска здравствена установа во градот или општината (освен за град Скопје) која врши иста дејност, да го заменува во случај на негово привремено отсуство (годишен одмор, краткотрајно боледување до 30 дена или краткотрајно службено отсуство), за што го известува Фондот.
Заради обезбедување на континуирана здравствена заштита, избраниот лекар/ избраниот лекар стоматолог кој обезбедува здравствени услуги на осигурените лица само во една смена, должен е со лекарот кој е определен како негова замена да се организираат да работат во различни смени.
Избраните лекари од дејноста општа медицина кои обезбедуваат здравствена заштита во здравствени установи во рурални подрачја/населени места согласно критериумите на Фондот, не се должни да се организираат да работат во различни смени со лекарот замена.
Односите помеѓу избраниот лекар/ избраниот лекар стоматолог и лекарот редовна замена се регулираат со меѓусебен договор.
На лекарот кој е редовна замена не му се исплатува надоместок за капитација за пружените здравствени услуги на осигурените лица на лекарот кој е привремено отсутен од работа.

**Посебен дел**

## 5.Приватни здравствени установи од дејноста општа медицина

## 5.1 Факсимил за времетраење на специјализација по семејна медицина на избраниот лекар од дејноста општа медицина

Избраниот лекар од дејноста општа медицина за времетраење на специјализација по семејна медицина продолжува во целост да пружа


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

здравствени услуги на осигурените лица кои го избрале, без обврска да вработи нов избран лекар.
За времетраење на специјализацијата на избраниот лекар, лекарот определен како редовна замена има обврска да пружа здравствени услуги на осигурените лица кои го избрале лекарот на специјализација.
Избраниот лекар во чија здравствена установа се спроведуваат турнуси од Програмата за специјализација по семејна медицина е назначен за едукатор од Катедрата по семејна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје.
На едукаторот за времетраење на турнусите кои се изведуваат во неговата здравствена установа, Фондот издава друг број на факсимил, кој го користат специјализантите по семејна медицина.
Обврска и одговорност на едукаторот е да врши надзор и следење на работата на специјализантот по семејна медицина.
Специјализантот работи со осигурените лица што го избрале на лекарот-едукатор. Упатите, рецептите и боледувањата, издадени со факсимил на лекарот кој е на специјализација по семејна медицина, се евидентираат на факсимилот на едукаторот.

### 5.2 Терапија за ургентни состојби и задолжителна ампуларна терапија

Фондот утврдува терапија за ургентни состојби, како и задолжителната ампуларна терапија потребна за примарна здравствена заштита, со кои треба да располага здравствената установа.

## Втор дел

### 6.Приватни здравствените установи од дејноста специјалистичко – консултативна здравствена заштита и специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита

### 6.1 Статусни промени во здравствената установа

За секоја статусна промена во здравствената установа (промена на директор, проширување или промена на дејноста, измена на број и локација на организациони/работни единици и др.) како и промена на вработените од лекарскиот тим, здравствената установа доставува известување до Фондот, кој по претходно спроведена постапка доставува одговор до здравствената установа за прифаќање на промената.

Известувањето кое здравствената установа е должна да го достави до Фондот при статусна промена во здравствената установа или промена на вработените од лекарскиот тим, како и рокот за комплетирање на тимот, се утврдени со договорот кој здравствената установа го склучува со Фондот.

### 6.2 Факсимил

Здравствената установа е должна за секој лекар специјалист/ лекар специјалист стоматолог, да обезбеди факсимил од Фондот,со важност од денот на потпишување на договорот од двете договорни страни.
Издадениот факсимил е траен и не се менува доколку лекарот специјалист/ лекар специјалист стоматолог ја промени здравствената установа. Лекарот специјалист врз основа на образец-одобрение за број на факсимил издадено од Фондот, може да направи само еден факсимил во форма на печат.
Лекарот го употребува факсимилот само во здравствената установа во која е вработен. Факсимилот лекарот специјалист го користи само лично при укажувањето на здравствени услуги, согласно законските прописи и истиот не смее да го даде на користење на друго лице.
Факсимилот не може да се употребува од лекар специјалист/ лекар специјалист стоматолог во друга здравствена установа, каде што не е вработен и каде што нема склучено договор со Фондот, или од друг лекар, односно друго лице.
Кога лекарот остварил право на пензија и ја ставил во мирување, може и понатаму да продолжи да работи со Фондот, доколку Министерството за здравство му додели нова Лиценца за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи.
При губење или кражба на факсимил лекарот специјалист/ лекарот специјалист стоматолог е должен веднаш да го извести Фондот, за да се затвори бројот на факсимилот во електронската евиденција на податоци. Со затворање на изгубениот или украдениот факсимил, Фондот на лекарот специјалист/ лекар специјалист стоматолог му доделува нов број на факсимил.

### 6.3 Оправдани подолготрајни отсуства од работа

Во здравствените установи во случаите на оправдани отсуства од работа на лекарот специјалист/ лекарот специјалист предвидени со закон, како подолготрајни боледувања над 30 дена, породилни отсуства, неплатено отсуство од работа и именување на јавна функција, поради обезбедување континуитет во пружањето на здравствените услуги на осигурените лица, здравствената установа е должна да вработи лекар за пружање на здравствени услуги. До вработувањето на новиот лекар се затвара факсимилот на лекарот.
По исклучок, во случај кај подолготрајни боледувања над 30 дена Фондот не превзема дејствија согласно договорните одредби ако лекарот е вработен по истекот на 35 дена, но најмногу до 60 дена од настанување на случајот. До вработувањето на новиот лекар не се исплатува надоместокот.

## 7. Референтни документи

- Законот за здравствено осигурување;
- Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;
- Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарна здравствена заштита;
- Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарна стоматолошка здравствена заштита;

- Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита;
- Правилник за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита и лабораториски испитувања по упат на избран лекар;
- Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита – општа медицина;
- Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита – гинекологија;
- Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита – општа стоматологија;
- Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во специјалистичко-консултативната здравствена заштита и
-Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во специјалистичко-консултативната стоматолошка здравствена заштита;


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk